РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-790/1
04.06.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 32/2020, 11/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

За спроведување на јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п. 65, к.п.66 и к.п.67, КО П'клиште, Општина Ранковце

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.бр.65, к.п.66 и к.п.67, КО П'клиште, Општина Ранковце, со тех.број 09.01.02/24 од март 2025 година, изработена од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги „ СТАН АРТ " ДООЕЛ Куманово.

Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.65, к.п.66 и к.п.67, КО П'клиште, Општина Ранковце ги опфаќа к.п.65, к.п.66 и к.п.67, КО П'клиште, Општина Ранковце.
Границите на планскиот опфат се:

- На север, исток и југ со к.п. бр. 68/1;
- На запад со к.п.бр.1705, локален пат.

Вкупната граница на опфатот зафаќа површина од 5435 м2.
Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 5435 м2.
Со овој урбанистички проект се планира изградба на А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.
Во границите на планскиот опфат планирана е 1 (една) градежна парцела со следната основна класа на намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување.

ЈАВЕН УВИД

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување на к.п.65, к.п.66 и к.п.67, КО П'клиште, Општина Ранковце, со тех.број 09.01.02/24 од март 2025 година, изработен од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги „ СТАН АРТ " ДООЕЛ Куманово, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 05.06.2025 год. до 19.06.2025 год., за кое време можат да се достават евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ